СОВЕТ НА ОПШТИНА КИЧЕВО

Бр. 08-774/2

14.03.2024 година

К и ч е в о

# З А П И С Н И К

Од одржаната 32-та редовна седница на Советот на Општина Кичево на ден 14.03.2024 година во просториите на Советот на Општина Кичево со почеток во 10 часот

Седницата во 10 часот ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Кичево Скендер Џабири, а присутни беа и советниците: Ќамер Клоси, Дренуше Далипи, Валбона Адили Емини, Абдула Сејдини, Филип Митрески, Михајло Данилоски, Виолета Спасеноска, Лазе Јакимоски, Олгица Попоска, Игор Стојаноски, Даниела Попоска, Анто Трајаноски, Тефик Лутвиу, Арѓент Асани, Валентина Лазаревска, Иванчо Божиноски, Виктор Алексоски, Рамазан Зулбеари, Фортеса Сејдини, Сибел Туфекџи и Миѓен Зендели, Агим Садику.

На седницата беа присутни и Градоначалникот на општината Фатмир Дехари, Анета Настеска- Секретар на општината, Бурим Кадриу, Валдет Селими, Ленче Србиноска, Александра Анаќиоска, Арбен Ристеми и Фиола Алиу-претставници од општинската администрација, преставник од ЈП,,Комуналец“, директорот на ОСУ ,,Дрита“ Кичево, претседателот на училишниот одбор на ОСУ,,Мирко Милески“ Кичево, директорите на: ОУ ,,Санде Штерјоски“ Кичево, ОУ ,,Д-р Владимир Полежиноски“ Кичево, ОУ,,Реџо Рушит Зајази,, с.Зајас, ОУ ,,Наим Фрашери,, с.Јагол Доленци, ОУ ,,Ѓ.К. Скендербег“ с.Србица, ОУ ,,Фаик Коница“ с.Грешница, ОУ ,,Христо Узунов“ Другово, ОУ ,,Милто Гура“ с.Стрелци, ВД на ОУ ,,Кузман Јосифоски Питу“

Кичево, директорката на Работнички универзитет ,,Крсте Мисирков,, Кичево, директорот на -ЈОУДГ ,,Олга Мицеска“ Кичево и новинари од Ускана.

**Претседателот на советот**- ги поздрави присутните, посака успешна и плодна работа и му се заблагодари на Градоначалникот за новата сала во која ќе се држат седниците на совет. Го честита Рамазан и им посака лесен пост на сите што постат.

Градоначалникот упати честитки до сите.

**Претседателот на советот** праша дали има некој забелешка на Записникот од 31-та седница на советот одржана на 28.02.2024 г.

Бидејќи никој не зеде збор, **Претседателот на советот** го стави на усвојување Записникот од 31-та седница на советот одржана на 28.02.2024 г. и истиот се усвои со 21 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 1 глас ВОЗДРЖАН.

**Претседателот на советот** за оваа седница го предложи следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1.Предлог Одлука за проширување на средствата во Буџетот на Општина Кичево за 2024 година.

2. Усвојување на Финансиски извештај за работата на Општина Кичево за 2023 година.

3.Усвојување на Завршна сметка на Општина Кичево за 2023 година.

4.Усвојување на Финансиски извештај за работата на ЈП ,,Комуналец“ Кичево за 2023 година.

5.Усвојување на Завршна сметка на ЈП ,,Комуналец“ Кичево за 2023 година.

6.Усвојување на Завршна сметка за 2023 година на ОСУ ,,Мирко Милески„ Кичево.

7. Усвојување на Завршна сметка за 2023 година на ОСУ ,,Дрита„ Кичево.

8. Усвојување на Завршна сметка за 2023 година на ОУ ,,Кузман Јосифоски Питу„ Кичево.

9. Усвојување на Завршна сметка за 2023 година на ОУ ,,Санде Штерјоски„ Кичево.

10.Усвојување на Завршна сметка за 2023 година на ОУ ,,Д-р Владимир Полежиноски„ Кичево.

11.Усвојување на Завршна сметка за 2023 година на ОУ ,,Фаик Коница„ Грешница.

12.Усвојување на Завршна сметка за 2023 година на ОУ ,,Реџо Рушит Зајази" Зајас.

13.Усвојување на Завршна сметка за 2023 година на ОУ ,,Милто Гура" Стрелци.

14.Усвојување на Завршна сметка за 2023 година на ОУ ,,Наим Фрашери" Јагол Доленци.

15.Усвојување на Завршна сметка за 2023 година на ОУ ,,Ѓерк Кастриоти - Скендербег" Србица.

16.Усвојување на Завршна сметка за 2023 година на ОУ ,,Христо Узунов" Другово.

17.Усвојување на Завршна сметка за 2023 година на ЈОУ Детска градинка ,,Олга Мицеска" Кичево.

18.Усвојување на Завршна сметка за 2023 година на ОУ Работнички Универзитет ,,Крсте Мисирков" Кичево.

19.Усвојување на Извештајот за работа за 2023 година на ОУ Работнички Универзитет ,,Крсте Мисирков" Кичево.

20.Усвојување на Извештајот за попис за 2023 година во општина Кичево.

21.Предлог Одлука за давање согласност за отпочнување на постапка и поднесување на предлози за експропријација за потребите на проектот: ,,Рехабилитација и проширување на канализациона мрежа во општина Кичево “ IPA II (2014-2020)-Environment and Climate Change.

22.Предлог Одлука за давање на користење на движна ствар сопственост на Општина Кичево.

**Агим Садуку**-Ги поздрави присутните и посака успешна и плодна работа на Советот. Информира дека во Финсискиот извештај од училиштата немало превод на албански јазик и тоа за него не била Завршна сметка. Побара да се повлечеат Завршните сметки на училиштата од дневен ред за оваа седница, да се докоплетираат и да се достави до советот. Истакна дека во врска со Финансискиот извештај од технички аспект не се почитувал преводот и тоа постојано се повторувало, зборовите биле на пола, фалеле букви итн. побара и втората точка од дневниот ред да се повлече. Замоли во иднина да нема такви извештаи. На комисијата за финансии дал некои забелешки за финансискиот извештај, се потрудиле да ги исправат, но сепак тоа не било што треба да биде.

**Претседателот на советот**- Информира дека не требало да се става калауз на тоа, бидејќи можело да се јавата технички грршки и се надева, дека тука во новиот објект ќе се поправеле работите. Истакна дека согласно законските рокови Завршните сметки требало да се усвојат сега.

**Агим Садику**- Информира дека тоа не било прв пат и дека била потребна институционална одговорност. Истакна дека не може да гласа за Завршните сметки, бидејќи тие се битни документи, а тој не ги разбирал. Замоли да се испочитува Законот и Деловникот.

**Лазе Јакимоски**- Упати честитки за новата сала и побара конкретно, поединечно да се наведе кои точки се бара да се повлечат од дневен ред.

**Абдула Сејдини**- Посака успешна и плодна работа и информира дека и тој е за да се повлечат точките за Завршните сметки на училиштата , но да се

конретизира кои точки , за кои училишта да се повлече Завршната сметка, бидејќи некој училишта имале превод на албански јазик на завршната.

**Агим Садику**- Информира дека се работи за Втората точка од дневниот ред, имало училишта кои доставиле Завршни сметки, но не биле исполнети условите за Завршни сметки и побара да се повлечат и 6,7,8,9, 10,11,12,13,14,15,16,17,18 и 19 точка од дневниот ред.

**Иванчо Божиноски** –Ги поздрави присутните и честита за новите услови за работа. Истакна дека ги почитува Законот и Деловникот за употреба на јазиците и информира дека опозицијата во овие три години, ниту еднаш не го усвоила дневниот ред како што треба. Предложи да се усвојат Завршните сметки на училиштата со тоа што да им се укаже на директорите да ги направат потребните исправки.

**Претседателот на советот**- Информира дека директорите на училиштата ќе бидат тука и ќе дискутираат заедно да се најде решение, бидејќи се работи за Завршна сметка.

**Агим Садику**- Информира дека не било точно дека како опозиција секогаш биле против. Бара само да се почитуваат правилата Законот и Деловникот и дека секогаш имале толеранција. Праша дали ќе се усвоеле ако биле доставени до нив само на албански јазик.

**Дренуше Далипи**-Информира дека во врска со барањето на Агим не гледала зошто да се повлечат сите точки, само четири точки немале превод.

**Агим Садику** – Информира дека небило комплетно преведено.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување предлогот на Агим да се повлечат од дневен ред 2, 6,7,8,9, 10,11,12,13,14,15,16,17,18 и 19 точка и истиот не се усвои со 7 гласа ЗА. 14 гласа ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАН.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување предложениот дневен ред за денешната седница и истиот се усвои со 15 гласа ЗА. 7 гласа ПРОТИВ. ВОЗДРЖАНИ (нема).

**1.ПРВА ТОЧКА**: Предлог Одлука за проширување на средствата во Буџетот на Општина Кичево за 2024 година

**Претседателот на комисијата** за Финансии и буџет Тефик Лутвиу ги поздрави присутните и го прочита Извештајот од одржаната седница на комисијата. Побара да се усвојат разгледаните точки од комисијата.

**Бурим Кадриу**- Информира дека со Одлука се врши проширување на средствата во буџетот во соодветните ставки, поради добиената донација на училиштето ,,Фаик Коница“ во вредност од 590 илјади денари.

**Претседателот на советот**- Информира дека и порано имало такви случаи.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за проширување на средствата во Буџетот на Општина Кичево за 2024 година и истата се усвои со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**2.ВТОРА ТОЧКА**: Усвојување на Финансиски извештај за работата на Општина Кичево за 2023 година

**Бурим Кадриу**- Информира дека во Финансискиот извештај биле пресликани приходите и расходите. Буџетот бил реализиран 93,3%. Потоа детално го образложи извештајот.

**Агим Садику**- Информира дека немало што да се измени во извештајот, бидејќи тоа што било реализирано било преставено. Но, можело да се направат измени за следната година. Истакна дека кај даночните приходи кај физичките лица имало придвижување, но кај правните лица немало зголемување на наплатата. Иако имало субвенционирање за нови фирми од општината, сепак наплатата на даноци била мала. Мал процент на наплата на даноците имало кај занаетчиите, иако наплатата од нив одела 100% за општината. Со отпишувањето на долгот процентот бил поголем, но тоа било неспособност за нивна наплата. Тоа водело кон сомнеж за селективност. Слаба била наплатата и на комуналните такси. Требало повеќе да се работи на наплата кај легализација на објекти, а трансферите од буџетот на Македонија биле 74% реализирани итн.

**Бурим Кадриу**-Информира дека неможеле да се менуваат цифрите, бидејќи тие биле според банкарските изводи. Истакна дека приходите од занаетчиите во иднина можат да се намалуваат, бидејќи занаетчиството е во згаснување. Данокот на имот од правните лица можело да варира од година во година. За легализацијата, Секторот за урбанизам континуирано работел, но поголем дел од граѓаните не ги комплетирале документите на време и нивните барања се одбиени, поради што и тие во иднина ќе се намалувале. Во врска со реализацијата на трансферите реализирани биле 84 милиони и имало поголема реализација од предвиденото.

**Агим Садику**- Информира дека тука неможело да се изнени ништо. Побара појаснување од преставникот за следното: Во програмата за советот др. тековни расходи, расходи за репрезентација кај Градоначалникот, др.тековни расходи кај општинската администрација, трошкови за репрезентации, др. трансфери од судски решенија за правни и физички лица, набавка на автомовили, кај ставката за локалниот економски развој, ставката за субвенции за др. вработувања, за јавното осветлување, за договорни варботувања праша каде се ангажирани и што работат договорно ангажираните. Побара појаснување кај локални патишта и улици. Кај одржување паркови и зеленило праша каде се засадени дрвца, дали е финализирана изградбата на детските паркови, за водоснабдувањето, за сигнализацијата, кај спортот и рекреацијата, за делот од долгови кои не се исплатени на субјектите, а кои не биле мали. Во однос на предходната година некои долгови биле отпишани или наплатени и тоа на фирми блиски до општината. Праша зошто кај некиј фирми се отпишани, а кај некои не се отпишани долговите. Праша зошто кај ,,Комуналец“ небиле отпишани долговите за 2023 г., а општината била основач. Исто така, кај ,,Инсталација“ долгот бил од 27 милиони денари, ,,Старт-АС“ и др. кои биле фактурирани за 2023 год.

**Бурим Кадриу**- Информира дека кај програмата за други оперативни расходи се за репрезентации. Кај општинската администрација било за семенари на администрацијата и за објавување на јавни огласи. Училиштата со блокирани сметки ги испалќала општината, за ВЕБ страната на општината,

за сервисирање на противпожарната заштита, за палети во училиштата итн. Субвенции за невработените во Д1 програмата. Ј3 програмата имала 2 ставки комунални услуги, греење и електрични услуги јавно осветлување. Кај јавното осветлување имало оштетени столбови, кабли и проширување на јавното осветлување. Ј4- Комунална хигиена било за вработување на невработени лица договорно за одржување на хигиената на градот. Ј6 била за одржување на патиштата во селата, чистење на канали и сигнализација. Насадени биле дрвца во новиот парк на ул. ,,Борис Кидрич“, кај Раштани и на др. места. Сигнализација имало на ул. ,,Борис Кидрич“ и ,,Ужичка“ и др. улици чија сигнализација била оштетена. Кај спорт и рекреација им се давала помош на спортските клубови и за маратонот во градот. Во врска со долговите истакна дека порано биле 120 милиони, а сега се 67 милиони денари. Поголеми долгови имале 2-3 фирми со кои имало склучено договори и спогодби и исплатата била на рати. Исплатата на долговите се вршела континуирано кон фирмите, а не селективно.

**Абдула Сејдини**- Информира дека Завршната сметка е огледало за тоа како се трошеле средствата во општината. Побара објаснување за програмата за ЛЕР во 2022 во која реализацијата била 5 милиони, а во 2023 г. е помала 4 милиони денари. Зошто е помала реализацијата, дали имало помалку заинтересирано за нивна реализација. Кај програмата за јавно осветлување во 2022 реализацијата била 36 милиони, а во 2024 г. 12 милиони и има намалување на расходите за 24 милиони денари, праша зошто е така и дали така било поради Смарт осветлувањето.

**Бурим Кадриу**- Информира дека за програмата за ЛЕР споредбено со 2022г, во 2023г со Јавен повик биле побарани 20 субјекти, а се барале 15 субјекти, затоа сумата е помала. Кај Јавното осветлување пред Смарт осветлувањето имало сума од 20-25 милиони, а со новите светилки имало намалување и сега е сумата е 10-12 милиони денари.

**Абдула Сејдини**- Кај спорската сала ,,Јанчица“ предвидувањата за 2023г. се проследени и во 2024 г. Праша дали салата ќе може да се користи оваа година.

**Бурим Кадриу**- Информира дека сеуште се работело таму и дека за 2-3 месеци ќе можела да се корист.

**Михајло Данилоски**- Информира во програмите ЈД, ЈГ итн. од 29 населени места во Другово било спомнато само едно. Смета дека тоа во иднина ќе се смени, зошто така ќе се сметало дека не се води сметка за нив.

**Валентина Лазаревска** – Информира дека во Извештајот видела дека средставата не биле реализирани, т.е потрошени подеднакво на целата територија на општината. Најмногу се вложувало во северниот дел на општината, а во останатите села животот бил мизерен , немало пристапни патишта и не се водела грижа за нив. Кај руралниот развој биле исплатени средства за улицата ,,Раим Лика" која била во Пашино, а не во рурален дел.

**Бурим Кадриу**- Информира дека во општината не се правела разлика според Север и Исток, туку се спроведувало според барањата. Истакна дека во секое село имало вложувања според барањата, а во Другово имало вложувања со бекатон плочки. Средставата за регионален разво,ј се средства добиени од од Бирото за рамномерен регионален развој и таму имало 3 мерки, а една од нив била да се вложува и во градот и затоа е земена таа улицата.

**Лазе Јаќимоски**- Реплиика на преставникот на општината, дека општината не правела дискриминација. Замоли да појдат во с. Лешница и да видат дека асвалт е ставено до последната албанска куќа, додека кај македонските куќи немало ставено асфалт. Кога за тоа го прашал Градоначалникот, рекол дека незнаел дека таму имало куќи.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Финансискиот извештај за работата на Општина Кичево за 2023 година и истиот се усвои со 15 гласа ЗА.   ПРОТИВ (нема).  7 гласа ВОЗДРЖАНИ.

Претседателот на советот даде пауза од 5 минути. По паузата седницата продолжи.

**3.ТРЕТА ТОЧКА:** Усвојување на Завршна сметка на Општина Кичево за 2023 година

**Бурим Кадриу**- Информира дека Финансискиот извештај и Завршната сметка се исти. Зборувано било за сите бројки и немало потреба да се повторува. Првиот дел бил изработен во соработка со Министерсвото за финансии. Тие побарале зголемување на средствата за 20 милиони денари, кои се потребни за реконструкција на улица во с.Работино и зголемувањето од 20 милиони денари е направено.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Завршната сметка на Општина Кичево за 2023 година и истата се усвои со 15 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 7 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**4.ЧЕТВРТА ТОЧКА**: Усвојување на Финансиски извештај за работата на ЈП ,,Комуналец" Кичево за 2023 година.

**Преставникот на ,,Комуналец**"- Ги поздрави присутните и информира дека поради оправдани причини Директорот не можел да присуствува на седницата. Потоа го образложи Финансискиот извештај и информира дека претпријатието е во добивка од 518 илјади денари.

**Абдула Сејдини**- Информира дека бил иницијатор за измена на Статутот и намалување на бројот на членови на Управниот одбор кој броел 15 члена. Истакна дека за намалувањето на расходите на Управниот одбор треба да му заблагодарат на советот .

**Преставникот на ,,Комуналец** - Информира дека навистина треба Управниот одбор да брои 5 члена според новиот закон, а не 15. Информира дека од 23.06 2023 г. се блокирани и тоа им е тешко, бидејќи вршат разни услуги. Радосни биле што исплатиле плати, регрес и покачување на платите на вработените. Истакна дека работата била тешка и се вршела во разни временски услови, се збирал смет, а платите биле мали. Решение би било претпријатието да собере повеќе средства и тогаш ќе дошло до одблокирање и плаќање на долговите на ,,Студенчица".

**Лазе Јаќимоски**- Праша зошто наплатата е мала и таа е 36%, што било причината тоа да е така повеќе години. Исто така праша и зошто кај репрезентацијата во 2023 година имало разлика од 200.000 денари повеќе.

**Преставникот на ,,Комуналец** -Информира дека во врска со репрезентацијата да се обратат писмено до претпријатието за одговор. Наплатата била мала и побара помош од политичките партии, здруженија итн. да помогнат и ги убедат граѓаните да ги плаќаат редовно сметките.

**Валентина Лазаровска**-Информира дека побарувањата наместо да се намалуваат, тие се зголемувале. Праша колку од тие долгови биле за присилна наплата и колку од нив се отужени, колку од нив можат да се наплатат.

**Преставникот на ,,Комуналец"-** Информира дека од страна на ревизијата им било укажано, за тие што не плаќаат, да се пратат на Нотар или Извршител. Истакна дека поголем дел од должниците биле починати и имало дизбаланс. Потребно било соработка и со другите институции за тоа. Не можеле да предвидат колкав би бил процентот на исплата.

**Валентина Лазаровска** - Праша кои правни лица се најголеми должници.

**Преставникот на ,,Комуналец"-** Информира дека за тоа треба писмено да се обратат до претпријатието.

**Агим Садику**- Информира дека добро би било да бил тука преставник, кој ќе можел поконкретно да објасни. Информира дека ,,де факто,, претпријатието било во загуба со реализација на фактурите. Имало и заостанати долгови и сугерира претпријатието да направи реална база, затоа и бил долгот, бидејќи немало реална база. Потребно било да се направи редефинирање на реалната база во соработка со граѓаните и да се постигне наплатата. Во спротивно така само се зголемувал долгот, а со тоа и даноците. Потребно било да се подобри стратегијата за тоа.

**Виктор Алексоски**- Информира дека другите компании на пр. ЕВН, Телеком и др. исклучувале за три неплатени сметки од страна на граѓаните. Предложи со цел да не се зголемува долгот, на граѓаните да не им се прават услуга после три неплатени сметки.

**Преставникот на ,,Комуналец"-** Информира дека тоа би било направилно. Но, секогаш неможело да се спроведува, бидејќи ќе имало судски лавиринти итн. Потребно било реално решение. Потребно е да им се укажело на граѓаните навремено да ги плаќаат сметките, бидејќи во 2024

година имале нови проекти и ако немало наплата ќе имале потешкотии. Имале некоја стратегија за да се плаќаат услугите. Имале потешкотии со ѓубрето, но Владата ги презела надлежностите за тоа и таа ќе нуди решение. Смета дека со машината за балирање на сметот ќе се олеснело неговото собирање.

**Претседателот на советот**- Апелира дека сите треба да се придружат за да може да фунционира претпријатието.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Финансискиот извештај за работата на ЈП ,,Комуналец" Кичево за 2023 година и истиот се усвои со 14 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 8 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**5.ПЕТТА ТОЧКА**: Усвојување на Завршна сметка на ЈП ,,Комуналец" Кичево за 2023 година

**Претседателот на советот-** Информира дека Завршната сметка е слична со Финансискиот извештај и немало потреба од повторна дискусија.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Завршната сметка на ЈП ,,Комуналец" Кичево за 2023 година и истата се усвои со 14 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 8 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**6.ШЕСТА ТОЧКА**: Усвојување на Завршна сметка за 2023 година на ОСУ ,,Мирко Милески„ Кичево

**Претседателот на советот** – Информираше дека бил известен од страна на директорката на училиштето дека неможе да присуствува на седница и тука бил претседателот на Училишниот одбор.

**Преставникот од ОСУ ,,Мирко Милески**"- Информира дека директорката е отсутна поради приватни причини. Истакна дека имале на сметката приходи и расходи од 76 милиони денари и тоа расходи од 75 милиони за плати и 1 милион за извршители. Работеле со блокирана сметка. Истакна дека долгот бил 3 милиони денари и планирале да се одблокираат за 4 месеци.

**Абдула Сејдини**- Информира дека согласно Законот во отсуство на директорката надлежност била на Претседателот на училишниот одбор да ја образложи Завршната сметка и се надевал дека така ќе биде и со другите училишта. Истакна дека му било жал што се блокирани и праша колку учениците се безбедни за да држат настава во училиштето.

**Преставникот**- Информира дека наставата се одвива во 3 објекти и дека безбедноста била добра и имале соработка со МВР.

**Абдула Сејдини**- Праша дали преставникот е информиран и запознат за случаката од 09.02.2024 година кога имало пукање во објектот и дека не случајно прашувал за тоа.

**Преставникот**- Информира дека пиштолот не бил вистински, а настанот бил надвор од училиштето, а не во училиштето и дека за тоа се преземени потребните мерки и од училиштето и од страна на МВР.

**Абдула Сејдини**- Информира дека се работело за ученици кои учеле во ,,Мирко Милески“, без разлика дали тоа било надвор од училиштето. Истакна дали се чекало да има жртва, па да се реагира за тоа.

**Преставникот-** Информира дека во врска со тоа ништо не се скривало. Ученикот бил отстранет од настава, а останатите ученици кои биле со него дисциплински се казнети. Настанот бил надвор од училиштето.

**Претседателот на советот**- Праша дали за тоа е запозната општината како основач на училиштето и дека сите сносат одговорност.

**Преставникот-** Информира дека најверојатно било пријавено од страна на директорката.

**Претседателот на советот**- Праша дали е тоа аргументирано со документи.

**Преставникот** – Информира дека за тоа знае директорката и сигурно било документирано.

**Претседателот на советот**- Побара во такви случаи навреме да се информира општината.

**Преставникот-** Информира дека се реагирало брзо од институциите. Во МВР уште се водела постапка за тоа. Истакна дека дополнително ќе информирале дали директорката ја известила општината.

**Агим Садику**- Праша зошто документите не биле преведени на албански јазик.

**Преставникот-** Информира дека само последниот документ не бил преведен и тој таков се поднесувал во Централен Регистар.

**Агим Садику**- Информира дека Централниот Регистар била друга институција, а општината е основач и документите кај неа треба да се достават и на албански јазик.

**Претседателот на советот**- Информира дека и формуларот од сега треба да биде преведен на албански јазик.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Завршната сметка за 2023 година на ОСУ ,,Мирко Милески„ Кичево и истата се усвои со 13 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 10 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**7.СЕДМА ТОЧКА**: Усвојување на Завршна сметка за 2023 година на ОСУ ,,Дрита„ Кичево

**Директорот**- Ја образложи Завршната сметка и информира дека се блокирани.

**Агим Садику**- Информира дека знаеле дека се блокирани , но праша зошто билансот не бил преведен на албански јазик.

**Директорот-** Информира дека е направен пропус и дека во кратко време ќе ги преведат.

**Абдула Ајдини**- Го праша директорот дали се запознати со случајот за пукањето.

**Директорот**- Информира дека таму немало ученици од ,,Дрита“, но сепак и тој имал одговорност за тој настан и истакна дека е известен за случајот. Инцидентот бил надвор од училишниот двор и биле преземени сите мерки од страна на училиштето и МВР. Не сум го известил основачат и сметав дека тоа го сторил Директорот на ,,Мирко Милески“. Добро е што пиштолот не бил вистински и потребна е поголема одговорност. Истакна дека немале обезбедување во училиштето, туку само чувари од училиштето. Сега имало некоја сигурност, бидејќи постојано имало присуство на полиција пред училиштето и во двете смени.

**Михајло Данилоски**- Информира дека тука не биле виновни директорите. Истакна дека 2 години барал да се достави Извештај за работата на командирот на полицијата, но уште не бил доставен. Согласно член 24 и 25 од Законот за полиција комадирот е должен да достави Извештај за неговата работа до Советот. Ние го бираме командирот на полиција.

**Претседателот на советот**- Информира дека е точно што командирот немало доставено Извештај до сега за неговата работа, но Директорите биле одговорни за училиштата.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Завршната сметка за 2023 година на ОСУ ,,Дрита„ Кичево и истата се усвои со 13 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 10 гласа ВОЗДРЖАНИ .

Пред разгледувањето на Завршните сметки на училиштата Претседателот на советот информира дека сите училишта кај кои делот од Завршната сметка не бил преведен на албански јазик да се преведе и тоа да важи и во иднина.

**8.ОСМА ТОЧКА**: Усвојување на Завршна сметка за 2023 година на ОУ ,,Кузман Јосифоски Питу„ Кичево.

**Директорката**- Информира дека училиштето има приходи и расходи од 40 милиони денари.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Завршната сметка за 2023 година на ОУ ,,Кузман Јосифоски Питу„ Кичево и истата се усвои со 14 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 8 гласа ВОЗДРЖАНИ .

Советничката Валентина Лазаревска се изема од гласање поради тоа што е вработена во ова училиште.

**9.ДЕВЕТА ТОЧКА**: Усвојување на Завршна сметка за 2023 година на ОУ ,,Санде Штерјоски„ Кичево

**Директорот**- Ја образложи Завршната сметка и информира дека се блокирани, имале долг од 4 милиони денари и се надева дека за неколку месеци ќе се одблокираат.

**Агим Садику** – Информира дека во билансот имало технички грешки и стоело од 1 јануари до 31 декември 2123 година, наместо 2023 г.

**Директорот-** Информира дека веќе тоа било втора реакција од старна на советниците и требало да се реагира за да понатаму не се прават такви технички грешки.

**Абдула Сејдини**-Информира дека му било мило што и колегите од ВМРО биле за тоа да има превод на балансот на албански јазик. Праша бидејќи очекуваат одблокирање, кои се чекорите за тоа и што било причината што од септември до јануари немало настава по физичко образование за учениците од прво одделение.

**Директорот**- Информира дека зборувал со извршител за одблокирањето и исплатата на долгот да биде на рати. Истакна дека учениците на почетокот немале настава по физичко образование, но сега имале наставничка која ја држела наставата.

**Абдула Сејдини**- Информира дека во почетокот на наставата бил ангажиран учител кој вршел настава во друго училиште и се губеле часови. Праша зошто во септември немало конкурс за наставник, а имало во јануари.

**Директорот**- Информира дека се работело за трансфер на вработени од наставници од Прилеп. Прво ги зеде моите часови, но неможеше да ги врши, па потоа земав Согласност од Министерството за образование.

**Абдула Сејдини**- Праша како се одвива сега наставата кај тие ученици.

**Директорот**- Информира дека сега адекватни професори ја држат наставата.

**Абдула Сејдини**- Информира дека не било добро да се дозволи да нема настава по физичко образование, која законски била задолжителна за прво одделение. Истакна дека професорката требало порано да се вработи, а не сега.

**Тефик Лутвиу**- Информира дека долгот бил намален на 4 милиони за овој мал мандат на директорот, сменети биле светилките, вратите во училиштето итн. и се надева дека промените ќе продолжат.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Завршната сметка за 2023 година на ОУ ,,Санде Штерјоски„ Кичево и истата се усвои со 13 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 10 гласа ВОЗДРЖАНИ .

**10.ДЕСЕТА ТОЧКА:** Усвојување на Завршна сметка за 2023 година на ОУ ,,Д-р Владимир Полежиноски„ Кичево

**Директорот-** Информира дека училиштето има 41 милион денари приходи и нивното трошење е преставено во Завршната сметка по ставки. Информира дека ќе се потрудат да се изврши превод на формуларот.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Завршната сметка за 2023 година на ОУ ,,Д-р Владимир Полежиноски„ Кичево и истата се усвои со 13 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 9 гласа ВОЗДРЖАНИ .

Претседателот на советот даде пауза од 5 минути. По паузата седницата продолжи

**11. ЕДИНАЕСЕТА ТОЧКА**: Усвојување на Завршна сметка за 2023 година на ОУ ,,Фаик Коница„ Грешница

**Директорот-** Информира дека училиштето има 3 сметки и детално образложи. Истакна дека билансот не бил преведен, но во иднина ќе се преведувал.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Завршната сметка за 2023 година на ОУ ,,Фаик Коница„ Грешница и истата се усвои со 14 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 8 гласа ВОЗДРЖАНИ .

**12.ДВАНАЕСЕТА ТОЧКА**: Усвојување на Завршна сметка за 2023 година на ОУ ,,Реџо Рушит Зајази" Зајас

**Директорот** ја образложи Завршната сметка.

**Валентина Лазаровска**- Информира дека кај расходите за трансферите, кај пензионирањето било остварено 1 пензионирање, а 98 илјади биле издвоени за огласи, праша за колку работни места се работи и кои се тие.

**Директорот** -Информира дека се работи за 3-4 вработувања. За објавивање на оглас за едно вработување требало од 4 до 6 илјади, а тој се ојавувал во три дневни весници. Истакна дека според сумата се работело за огласи за повеќе вработувања.

**Валентина Лазаровска**- Праша дали имало потреба од толку вработувања, бидејќи имало само едно пензионирање, а тие имале голем број вработени човечки ресурси.

**Директорот** – Информира дека имало повеќе, а не 4 огласи кои биле објавувани во по 3 весници и имало вработувања и по други основи.

**Валентина Лазаровска**- Информира дека имале 94 вкупно вработени, праша дали навистина се потребни тие вработувања или биле за собирање гласови, бидејќи е период на избори.

**Директорот**- Информира дека имале потреба од тие вработувања.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Завршната сметка за 2023 година на ОУ ,,Реџо Рушит Зајази“ Зајас и истата се усвои со 14 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 8 гласа ВОЗДРЖАНИ .

**13.ТРИНАЕСЕТА ТОЧКА**: Усвојување на Завршна сметка за 2023 година на ОУ ,,Милто Гура“ Стрелци

**Директорот** – Информира дека има 40 милиони приходи и расходи.

**Абдула Сејдини**- Праша какви биле забелешките од инсекторатот од извршениот надзор.

**Директорот**- Информира дека на 30 и 31 јануари имале евалуација и се уште се подготвувал Извештајот од инспекторатот. Сите побарани документи им се доставени. Истакна дека за Извештајот се чека 3-6 месеци и затоа неможел да зборува.

**Абдула Сејдини**- Информира дека според разговрите со родителите немало добри хигиенски услови. Праша дали ги имаат во предвид барањата од страна на родителите и зошто 6 вработени не ги вршеле работите според спогодбата и како реагира тој на тоа.

**Директорот** – Информира дека во училиштето имало миризба од санитаријата, но било реагирано веднаш и за еден ден миризбата била отстранета. Училиштето го посетило и инспекторатот и констатиравме дека миризбата е отстранета. Истакна дека имало луѓе кои не се на работа и за нив се труделе да не се создавал вакум во работата.

**Абдула Сејдини**- Го праша директорот дали навистина 6 вработени не иделе наработа, а биле во работен однос и што ќе преземе за тоа. Истакна дека освен наставници имало и други служби во училиштето. Побара да се преземат мерки за тоа, за да им биде алал платата.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Завршната сметка за 2023 година на ОУ ,,Милто Гура“ Стрелци и истата се усвои со 13 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 9 гласа ВОЗДРЖАНИ .

**14.ЧЕТИРИНАЕСЕТА ТОЧКА**: Усвојување на Завршна сметка за 2023 година на ОУ ,,Наим Фрашери“ Јагол Доленци

**Директорот** – Информира дека завршната сметка, приходи и расходи е 27 милиони денари.

**Абдула Сејдини**- Праша дали се одвива настав во с. Папрадишта.

**Директорот** – Информира дека училиштето таму не работи, поради катастрофалните услови, а двајцата ученици од таму учеле во с. Јагол.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Завршната сметка за 2023 година на ОУ ,,Наим Фрашери“ Јагол Доленци и истата се усвои со 13 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 9 гласа ВОЗДРЖАНИ .

**15.ПЕТНАЕСЕТА ТОЧКА**: Усвојување на Завршна сметка за 2023 година на ОУ ,,Ѓерк Кастриоти -Скендербег“ Србица

**Директорот** ја образложи Завршната сметка и истакна дека формуларот бил двојазичен.

**Агим Садику**- Информира дека делумно е преставен, но не бил преведен службениот документ.

**Директорот**- Истакна дека тие не се за да го преведат.

**Агим Садику**- Информира дека било потребно да се преведат за советот.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Завршната сметка за 2023 година на ОУ ,,Ѓерк Кастриоти -Скендербег“ Србица и истата се усвои со 13 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 9 гласа ВОЗДРЖАНИ .

**16.ШЕСНАЕСЕТА ТОЧКА**: Усвојување на Завршна сметка за 2023 година на ОУ ,,Христо Узунов“ Другово

**Директорот**-Информира дека имаат 28 милиони приходи и толку расходи.

**Агим Садику** – Побара да се изврши превод на билансот.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Завршната сметка за 2023 година на ОУ,,Христо Узунов“ Другово и истата се усвои со 13 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 9 гласа ВОЗДРЖАНИ .

**17.СЕДУМНАЕСЕТА ТОЧКА**: Усвојување на Завршна сметка за 2023 година на ЈОУ Детска градинка ,,Олга Мицеска“ Кичево

**Директорот**- Информира дека имаат 36 илјади позитивно салдо, не биле блокирани и немале долгови.

**Агим Садику** – Побара да се изврши превод на билансот.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Завршната сметка за 2023 година на ЈОУ Детска градинка ,,Олга Мицеска“ Кичево и истата се усвои со 14 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 8 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**18.ОСУМНАЕСЕТА ТОЧКА**: Усвојување на Завршна сметка за 2023 година на ОУ Работнички Универзитет ,,Крсте Мисирков“ Кичево

**Директорот** ја образложи Завршната сметка.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Завршната сметка за 2023 година на ОУ Работнички Универзитет ,,Крсте Мисирков“ Кичево и истата се усвои со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**19.ДЕВЕТНАЕСЕТА ТОЧКА**: Усвојување на Извештајот за работа за 2023 година на ОУ Работнички Универзитет ,,Крсте Мисирков“ Кичево

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Извештајот за работа за 2023 година на ОУ Работнички Универзитет ,,Крсте Мисирков“ Кичево и истиот се усвои со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**20.ДВАЕСЕТА ТОЧКА**: Усвојување на Извештајот за попис за 2023 година во општина Кичево

**Ленче Србиноска**- Како претседател на Комисијата за попис информира дека во Извештајот се наведени објектите и просториите во кои бил направен попис од страна на комисијата која работела во полн состав. Попис бил направен на основните средства, паричните средства на благајна и трезорските сметки како и на побарувањата и обврските на општината. Истакна дека за основните средсва се изготвени пописни листи кои се составен дел на извештајот, а се наоѓале во архивата на општината. Во извештајот биле преставени салдата на парични средстав на благајната и трезорските сметки, како и побарувањата на општината и неисплатените обврски кон добавувачите. Исто така, бил преставен и отписот на долговите по добавувачи поради нивна застареност во 2023г и други останати обврски.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Извештајот за попис за 2023 година во општина Кичево и истиот се усвои со 21 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**21.ДВАЕСЕТ И ПРВА ТОЧКА**: Предлог Одлука за давање согласност за отпочнување на постапка и поднесување на предлози за експропријација за потребите на проектот: ,,Рехабилитација и проширување на канализациона мрежа во општина Кичево,, IPA II (2014-2020)-Environment and Climate Change

**Претседателот на Комисијата** за урбанизам Арѓент Асани го прочита Извештајот од одржаната седница на комисијата и побара да се усвои одлука

**Александра Анаќиоска**- Информира дека се работи за битен проект за општината, бидејќи се знаело каков проблем имало со канализацијата.

Истакна дека се работело за 4600 илјади шахти кои биле на приватно земјиште и се барало да се донесе генерална Одлука, со цел да се отпочне постапката за експропријација, за да нема поединачни Одлуки.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за давање согласност за отпочнување на постапка и поднесување на предлози за експропријација за потребите на проектот:,,Рехабилитација и проширување на канализациона мрежа во општина Кичево " IPA II (2014-2020)-Environment and Climate Change и истата се усвои со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**22.ДВАЕСЕТ И ВТОРА ТОЧКА**: Предлог Одлука за давање на користење на движна ствар сопственост на Општина Кичево

**Валдет Селими**- Информира дека се работи за две транспортни средства-комбиња сопственост на општината кои им се даваат на користење на ОСУ ,,Дрита" и ОСУ ,, Мирко Милески" за превоз на ученици.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за давање на користење на движна ствар сопственост на Општина Кичево и истата се усвои со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**Лазе Јаќимоски-** Информира дека за случајот со пукањето требало да се опоменат директорите. Истакна дека командирот на полицијата, кој го поставува советот, две години немал доставено Извештај за работа, а потребно било да се достави Извештај до советот.

Бидејќи, никој друг не се јави за збор, а со тоа беше исцрпен Дневниот ред за оваа седница, Претседателот на Советот на Општина Кичево ја затвори Седницата на Советот во 15 часот.

| | |
|---|---|
| Записничар | Совет на Општина Кичево |
| | Претседател |
| - Ленче Србиноска | Скендер Џабири |